Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за радиодифузната дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 16 октомври 2003 година.

Бр. 07-5150/1
16 октомври 2003 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Борис Трајковски**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Никола Поповски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РАДИОДИФУЗНАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за радиодифузната дејност (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/97), во членот 75 ставот 4 се менува и гласи:

“Во сметката за наплата на електричната енергија, износот на радиодифузната такса се искажува во делот на ангажирана моќност.“

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.